**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 25.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 25.12.2018 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записник од 68-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.5.2018 година

- Усвојување на Записник од 106-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.12.2018 година

- Усвојување на Записник од 107-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.12.2018 година

- Усвојување на Записник од 109-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.12.2018 година

- Усвојување на Записник од 111-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.12.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

▪ Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

- Информација за најавата од Европската Унија за воведување на конечни заштитни мерки за челични производи, со дополнувања
- План 18

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за продажба на деловни простории сопственост на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука

2. Информација со Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сопственици на деловниот простор (сопственост на ФЗОМ)

3. Информација со Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор (сопственост на АВРМ)

4. Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај

5. Полугодишен извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за периодот од 1.1.2018 до 30.6.2018 година

6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар на Град Скопје

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

**б) Економски систем и тековна економска политика**

9. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

10. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

11. Предлог-програма за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2018 година

12. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2018 година

13. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2018 година

14. Информација со барање за измена на Одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2018 година, со Предлог-одлука

15. Информација за усвојување на Национална транспортна стратегија 2018-2030

16. Информација во врска со Предлог-енергетски биланс на Република Македонија за 2019 година, со нов текст на Енергетски биланс и Предлог-одлука

17. Информација во врска со Јавен повик и Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на

минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга бр. 44-9027/1 од 2.10.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.186/18), со Јавен повик и Тендерска документација

18. Информација во врска со Барањето за давање писмена согласност за пренос на Договорот за концесија за локацијата бр.115 Бањанска река на Концесионерот „ЕМК“ ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Климетица 2, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

20. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Македонија, Делчево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

21. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 7/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/18), со Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите и Предлог-одлуки

22. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Драмче“ Општина Делчево и минерална суровина - кварцен песок на локалитет „Дорфулија“ Општина Лозово

23. Информација за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марија Ризова с.Бојанчиште Кавадарци, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Крнево, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

26. Информација во врска со содржината на тендерската документација за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи и подготовка на јавниот повик, со тендерска документација

27. Извештајот за работењето и користењето на средствата од програмите за изработка на просторни и урбанистички планови во 2018 година, за периодот јануари - јуни 2018 година, на Агенцијата за планирање на просторот

28. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК Југохром, с.Јегуновце Тетовско, преку негов третман/преработка“

**в) Политички систем**

29. Информација за отворање на Почесен конзулат на Република Словенија во Република Македонија, со седиште во Кавадарци, со Предлог-одлука

30. Информација за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Словенија во Република Македонија, со седиште во Кавадарци, со Предлог-одлука

31. Информација за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија - Идризово“ ДООЕЛ Скопје

32. Информација за реализација на заклучок на Владата на Република Македонија за состојбата во Основниот суд Скопје 2 - Скопје во врска со преземањето и чувањето на списите и нотарските деловни книги во случај на престанок на нотарската служба на нотарите

33. Информација за потпишување Меморандум за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Македонија за реализација на проектот „Носење промени - добро управување и ефективност во јавната администрација“, со усогласен текст на Меморандум

34. Информација за првиот полугодишен извештај за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, со Прв полугодишен извештај и Акциски план

35. Информација за Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Македонија, одржан на 19 март 2018 година во Брисел

36. Информација за воспоставување механизми за координација помеѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите на ,,Центар на Владата“ (Мерка 1.3.2 од Акцискиот план 2018 - 2022 на Стратегијата за реформа на јавната администрација)

37. Извештај од анализата на Нацрт-стратешки планови 2019-2021 на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата,

содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија

38. Информација за формирани работни групи по кластери за подготовка на Националната стратегија за развој на концептот за „Едно општество и интеркултурализмот“, со Предлог-одлука и Предлог-решение

**г) Човечки ресурски и одржлив развој**

39. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи

40. Информација за потребата од донесување на Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија 2018-2022 година, со текст на Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија 2018-2022 година

41. Информација за потребата од отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на мамографи за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија

42. Информација во врска со состојбата со имотот распределен по завршување на стечајни постапки

43. Информација за регулирање на начинот на плаќање на трошоците на институциите кои го користат просторот во објектот на улица „Даме Груев“ бр.14 во Скопје

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

**б) Политички систем**

44. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основно јавно обвинителство Битола

45. Барање на Санда Ел- Катиб, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

46. Барање на Ајхан Узун, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

47. Барање на Селамије Красниќи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Вевчани

49. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (лифт наменет за превоз на стока и луѓе во градежни објекти од Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ Скопје)

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

50. Дополнување/корекција кон доставен Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2017 година, Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2017 година и Финансиски план за деловната 2018 година

51. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година
52. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година

53. Информација за состојбата со јаболкопроизводството во Република Македонија за 2018 година, поднесена од група пратеници

54. Барање за давање на автентично толкување на член 59 став (2), став (3) и став (4), а во врска со член 60 став (3) и став (4) од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), поднесено од пратениците Димитар Стевананџија и Ане Лашкоска

55. Статут на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ - Охрид ( I фаза)

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

56. Иницијатива Иницијатива од Ана Глигорова и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.119/18 за оценување на уставноста на член 10 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/09) и член 265 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16)

57. Понуда од нотарката Зорица Пулејкова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр. 4721 за КО Центар 1, Имотен лист бр. 25739 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 40068 за КО Центар 1 на КП бр. 12948

58. Понуда од нотарот Мартин Божиновски од Куманово за купопродажба на недвижен имот во Куманово со Имотен лист бр. 71776 за КО Куманово на КП бр. 25636

59. Понуда од нотарката Мери Весова од Скопје за право на првенство на купување на недвижен имот на КП 3392, ул.Л.Геров, со вкупна површина од 524 м2 Имотен лист бр.3700 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец

60. Понуда од нотарот Даниел Живачки од Куманово за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 79820 за КО Куманово на КП бр. 15968

61. Понуда од нотарот Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12294 за КО Сарај на КП 10478

62. Известување со достава на документи за И.бр.47/17, доставено од извршителката Снежана Андреевска

63. Известување за усна јавна продажба и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност под И бр.279/18, доставени од извршителката Даница Страчкова

**(в) Други предлози**

64. Повик за свикување Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, што ќе се одржи на 15.1.2019 година, со почеток во 10:00 часот

65. Кадровски прашања

66. Прашања и предлози

**В. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

67. Информација со Предлог-одлука за добивање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

68. Информација за Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година

69. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола, за периодот од 1.7.2018 до 30.9.2018 година

70. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост - Скопје, за периодот април - јуни 2018 година

71. Информација за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините Кичево, Битола, Македонска Каменица, Кривогаштани, Градско, Берово и Пробиштип

72. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2017 година

73. Извештај за работата на Инспекцискиот совет за трет квартал од 2018 година, со Информација за работата на инспекциските служби во третиот квартал од 2018 година

74. Извештај за реализирана меѓународна вежба во Република Србија - Општина Младеновац, одржана во периодот од 7.10.2018 година до 12.10.2018 година

75. Информација за постигнатите резултати од имплементацијата на Проектот „Ромски здравствени медијатори“ во 2017 година

76. Информација за начинот за обезбедување на финансиски средства потребни за прилагодување на позадински бизнис системи на Министерството за внатрешни работи, со цел усогласување на истите за автоматско конзумирање на експонираните сервиси на Втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност

77. Информација за примена на Законот за медијација

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

78. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2019 година

79. Предлог-решение за дополнување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем

80. Предлог-одлука за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за внатрешни работи

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Оперативно-техничка агенција

82. Барање на Михајло Младеновиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

83. Барање на Даут Џељо, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

84. Информација за давање на согласност на Одлуката за утврдување на бодови за пресметка на висина на платата на вработените во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија кои немаат статус на административни службеници, со Табеларен приказ за потребни финансиски средства

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 68, 106, 107, 109 и 111 седница на Владата, одржани на 15.5, 4.12, 11.12, 14.12 и 20.12.2018 година.

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

1. Владата ја разгледа Информацијата за најавата од Европската Унија за воведување на конечни заштитни мерки за челични производи, со дополнувања и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во координација со Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Царинската управа и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да го подготви барањето за консултации со Европската комисија и да го достави до Постојаната Мисија на Република Македонија во Женева, најдоцна до 27.12.2018 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во координација со Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Царинската управа и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да организира средба со засегнатите компании од анти - дампинг постапката за челични производи отворена од страна на Европската Унија, најдоцна до 20 јануари 2019 година.

2. Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информирање членовите на Владата за статусот и преземените активности за реализација на мерките содржани во Планот 18.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на деловни простории сопственост на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сопственици на деловниот простор (сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Македонија), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата, со Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор (сопственост на Агенцијата за вработување на Република Македонија), (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Полугодишниот извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за периодот од 1.1.2018 година до 30.6.2018 година.

**<u>Точка 6</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Уљуси Бекири, директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Сузана Стојмироска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2018 година, со укажување истата да влезе во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата со барање за измена на Одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2018 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за усвојување на Национална транспортна стратегија 2018-2030 и го усвои со следните заклучоци

1. Го разгледа и усвои најновиот текст на Националната транспортна стратегија 2018 - 2030, како оперативен стратешки документ.

2.Се задолжува Министерството за транспорт и врски по усвојување на Националната транспортна стратегија 2018 - 2030 да го следи нејзиното спроведување и на годишна основа да ја информира Владата за текот на нејзиното спроведување, во првото тромесечие по изминување на годината за која се известува, почнувајќи најдоцна од 31.3.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да направи среднорочна ревизија на Националната транспортна стратегија 2018-2030 во текот на 2024 година и ревидираниот текст да го достави на усвојување до Владата, најдоцна до декември 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по добивање на мислењето од Министерството за животна средина и просторно планирање за успешно спроведена постапка за стратегиска оценка на животната средина да ја извести Владата.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-енергетски биланс на Република Македонија за 2019 година, со нов текст на Енергетски биланс и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавен повик и Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга бр. 44-9027/1 од 2.10.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.186/18), со Јавен повик и Тендерска документација (нов текст), ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Барањето за давање писмена согласност за пренос на Договорот за концесија за локацијата бр.115 Бањанска река на Концесионерот ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со Предлог-одлука и го усвои со следниве заклучоци:

1.Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр. 12-7348/4 од 16.7.2009 година, со заклучок Министерството за економија да обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

2.Се задолжува министерот за економија, по објавувањето на Одлуката за пренос во „Службен весник на Република Македонија“, да го потпише Договорот за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со број 12-7348/4 од 16.7.2009 година.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Климетица 2, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Климетица 2“ - Охрид, со седиште во населба Св. Стефан бб, Охрид - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Македонија, Делчево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Македонија“ - Делчево, со седиште на ул. „Маршал Тито“ бр. 87, Делчево - хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 7/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/18), со Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите и Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 7/2018, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.177/18.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги „ДЕЛФИС“-ДООЕЛ с.Радиовце, Брвеница на локалитетот „Самаци“, општина Брвеница, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - песок и чакал на Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам „ОТЉАНАЦ Звонко“ ДООЕЛ Куманово на локалитетот „Орловец“ општина Куманово, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - туларска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги ГОКО-КАР ДООЕЛ Виница на локалитетот „Ширината“, с.Лаки, општина Виница, во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-термоминерална вода на Друштвото за производство и трговија „ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ“, увоз-извоз, ДООЕЛ Штип на локалитетот „Мерите“ општина Штип, во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-глина на Акционерското друштво индустрија за градежни материјали „ЕЛЕНИЦА“-Струмица на локалитетот с.Раборци, општина Струмица, во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини по Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

Исто така, се задолжува Министерството за економија, до потпишувањето на одлуките донесени на оваа седница на Владата, за компаниите на кои се доделува концесијата да обезбеди уверенија за платени даноци и придонеси.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кварцит на локалитетот „Драмче“-Општина Делчево и минерална суровина-кварцен песок на локалитет „Дорфулија“-Општина Лозово и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и Сектор за шумарство и ловство во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Драмче“, Општина Делчево.

2.Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и Сектор за шумарство и ловство во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварцен песок на локалитетот „Дорфулија“, Општина Лозово.

3. Се задолжува Управата за заштита на културното наследство во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -кварцен песок на локалитетот „Дорфулија“, Општина Лозово и мислење во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Драмче“ Општина Делчево.

## Точка 23

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“- ДОО Скопје, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марија Ризова с.Бојанчиште Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Крнево, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Крнево, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со содржината на тендерската документација за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи и подготовка на јавниот повик, со тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри тендерската документација за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи.

**Точка 27**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Извештајот за работењето и користењето на средствата од програмите за изработка на просторни и урбанистички планови во 2018 година, за периодот јануари - јуни 2018 година, на Агенцијата за планирање на просторот.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК Југохром, с.Јегуновце Тетовско, преку негов третман/преработка“ (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да продолжи со адаптирање на постојната физибилити студија за да се утврди оправданост на концесискиот проект „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК Југохром, с. Јегуновце, преку третман/преработка“ и по нејзиното завршување во рок од пет дена да достави информација до Владата за наодите на студијата.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на Почесен конзулат на Република Словенија во Република Македонија, со седиште во Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Словенија во Република Македонија, со седиште во Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Словенија во Република Македонија, со седиште во Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Словенија во Република Македонија, со седиште во Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија“ - Идризово, ДООЕЛ Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на заклучок на Владата на Република Македонија за состојбата во Основниот суд Скопје 2 - Скопје во врска со преземањето и чувањето на списите и нотарските деловни книги во случај на престанок на нотарската служба на нотарите и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

Се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во соработка со Министерството за правда, во рок од 10 дена по завршување на постапката за запишување на деловните

простории на 1 кат на Северната трибина на градскиот стадион со вкупна површина од 762, 22 м2 - со ознаки 1.1- 1.23, кои се наоѓаат помеѓу осовините 45 - 52 од планот на објектот на Градскиот стадион во Катастарот на недвижности, да достави до Владата Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување Меморандум за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Македонија за реализација на проектот „Носење промени - добро управување и ефективност во јавната администрација", со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Македонија за реализација на проект „Носење промени - добро управување и ефективност во јавната администрација".

2. Се овластува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Македонија за реализација на проектот „Носење промени - добро управување и ефективност во јавната администрација".

3. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Секретаријатот за европски прашања, веднаш по потпишување на Меморандумот за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Македонија за реализација на проектот „Носење промени - добро управување и ефективност во јавната администрација" да започнат со спроведување на активностите предвидени во истиот и да ги реализираат, најдоцна до крајот на март 2020 година.

4. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Секретаријатот за европски прашања и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да достават номинација за координатори за Компонента 2 - Структури и процеси за одговорност во четири сектори, до Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 28.12.2018 година.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за првиот полугодишен извештај за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, со Прв полугодишен извештај и Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Првиот полугодишен извештај за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година и Акцискиот план.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Македонија, одржан на 19 март 2018 година во Брисел и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви Предлог-закон за инспекција во животна средина и истиот да го достави до Владата, најдоцна до 31.12.2018 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави пишан материјал на англиски јазик по однос на тоа како тековните ИПА проекти и проектите од други донатори се вклопуваат во целите на Стратегијата за животна средина и климатски промени, преку Секретаријат за европски прашања до Европската комисија, најдоцна до 30.12.2018 година.

3. Се укажува на Град Скопје и општините во Град Скопје, Општина Тетово, Општина Битола и Општина Велес да продолжат континуирано да ги спроведуваат плановите за квалитет на воздухот и да достават извештај за спроведувањето на плановите за квалитет на воздухот на македонски и англиски јазик до Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 30.12.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање континуирано да ги доставува податоците од мониторингот на квалитетот на воздухот за претходната година до Европската агенција за животна средина, до крајот на септември во секоја тековна година и за истото да го информира Секретаријатот за европски прашања.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, при подготовка на новиот Предлог-закон за управување со отпад да ги земе предвид принципите на Циркуларната економија на Европската Унија и истиот да го достави до Владата, најдоцна до 1.1.2019 година.

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да подготват Предлог-проект во рамки на ИПА 2 помошта, за подобрување на мониторинг на водите, неопходен за подготовка и спроведување на плановите за управување со речните басени, најдоцна до 30.12.2018 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Општина Прилеп, Општина Кичево, Општина Струмица и Општина Радовиш и јавните комунални претпријатија во Прилеп, Кичево, Струмица и Радовиш, во коишто се изградени пречистителни станици со ИПА I помошта, како и во соработка со Регулаторната комисија за енергетика да подготви и да достави до Владата информација за нивното функционирање и одржување со Предлог-решенија за евентуални проблеми, најдоцна до 30.12.2018 година.

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави до Владата Предлог-законот за заштита на природата, најдоцна до 30.12.2018 година.

9. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги координира активностите за отворање на нов граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Грција во Преспанскиот Регион, откако ќе се создадат услови.

10. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање при изработката на стратешките документи и закони од соодветните секторски политики, задолжително да ги земат предвид политиките за климатски промени на земјата и на Европската Унија.

11. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави пишан материјал на англиски јазик за плановите за зајакнување на административните, институционалните и финансиските капацитети за животна средина и климатски промени, временска рамка и методологија, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1.3.2019 година.

12. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со подготовка на стратешка и законска рамка за климатски промени во согласност со Рамката на ЕУ 2030 за клима и енергија, под ИПА помошта, најдоцна до 30.12.2018 година.

13. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со воспоставување на национален систем за мониторинг, известување и верификација за стакленичките гасови, со акцент на моменталната ситуација на системот и плановите за имплементација до 1.3.2019 година.

14. Се задолжува Министерството за економија да го заврши процесот на воспоставување на пазар на ден однапред и спојување со соседен пазар за електрична енергија, најдоцна до 30.6.2019 година.

15. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика да ги одобри Правилата за балансирање на електропреносниот систем во законски предвидениот рок со цел да се започне со нивна имплементација, најдоцна до 30.12.2018 година.

16. Се задолжува Министерството за економија да подготви Стратегија за развој на енергетиката, во согласност со енергетските политики и политиките за климатски промени на Европската Унија и Договорот за Енергетска заедница, најдоцна до 1.12.2019 година.

17. Се задолжува Министерството за економија да пристапи кон изработка на нов Закон за биогорива, кој ќе ја транспонира Директивата за обновливи извори на енергија на Европската Унија, најдоцна до 30.6.2019 година.

18. Се задолжува Министерството за економија да пристапи кон изработка на нов Закон за енергетска ефикасност кој ќе ги транспонира Директивата за енергетска ефикасност на Европска Унија и Директивата за енергетски карактеристики на згради, најдоцна до 30.12.2018 година.

19. Се задолжува Дирекцијата за радијациона сигурност да ја разгледа потребата за воспоставување на национален склад за радиоктивен отпад и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 30.12.2018 година.

20. Се задолжува Министерството за транспорт и врски - Државниот инспекторат за транспорт да подготви информација за моменталниот статус на административните и оперативните капацитети и да предложи мерки за зајакнување на административните и оперативните капацитети и да ја достави до Владата, најдоцна до 30.12.2018 година.

21. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви пишан документ на англиски јазик со кој ќе извести за резултатите од ТАИЕКС експертиза за Директивата 2006/1/ЕК за изнајмување возила и истиот да го достави до Европската комисија преку Секретаријат за европски прашања, најдоцна до 30.1.2019 година.

22. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија да доставaт детална информација за степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на Европска Унија во областа безбедност на патиштата, секој од својата надлежност, односно кореспондентни табели за секоја релевантна ЕУ мерка во надлежност на министерствата, на англиски јазик, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.12.2018 година.

23. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја транспонира Директивата 2012/34/ЕУ за воспоставување на единствена Европска железничка област (пречистена верзија) во националното законодавство најдоцна до 1.7.2020 година.

24. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да предвиди средства во својот буџет за 2019 и 2020 година за оперативно функционирање на Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем, да ја спроведе постапката за именување на тројца истражители врз основа на јавен оглас и за истото да ја информира Владата најдоцна до 30.12.2018 година.

25. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да обезбеди простории каде ќе бидат сместени вработените при Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем и да ја информира Владата до 15.1.2019 година.

26. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви пишан материјал на англиски јазик за статусот на спроведување на Протоколите за железнички сообраќај за сите меѓугранични премини и да го достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.1.2019 година.

27.Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави текст на нов Предлог-закон за воздухопловство, со цел доусогласување со законодавството од Договорот за Европска заедничка воздухопловна област, најдоцна до 30.11.2019 година.

28. Се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство да побара оценска мисија од Комитетот за Заедничка европска воздухопловна област, по донесување на нов Закон за воздухопловство, најдоцна до 30.12.2019 година.

29. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви пишан материјал на англиски јазик за степенот на транспозиција на ЕУ законодавството за патнички права во областа на железници, патен и внатрешен воден сообраќај и да го достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1.3.2019 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување механизми за координација помеѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите на „Центар на Владата“ (Мерка 1.3.2 од Акцискиот план 2018 - 2022 на Стратегијата за реформа на јавната администрација), ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Канцеларијата на претседателот на Владата и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, да подготви Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија и во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација да го достави до Владата.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот од анализата на Нацрт-стратешки планови 2019-2021 на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија и го усвои со следниот заклучок:

-Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа нацрт-стратешките планови за 2019-2021 година, да ги усогласат со заклучните согледувања и препораки, за секое министерство, односно орган на државна управа, содржани во Извештајот, со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/18) и најдоцна до 15.1.2019 година да ги објават на своите веб страници.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирани работни групи по кластери за подготовка на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот, со Предлог-одлука и Предлог-решение и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за формирање на Координативно тело (КТ) за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 15 дена да номинира член во Координативно тело (КТ).

3. Се задолжуваат работните групи по кластери, најдоцна до 10 јануари 2019 година да ги одредат стратешките приоритети за својот кластер и за тоа да го информираат Координативното тело (КТ).

4. Се задолжуваат работните групи по кластери, најдоцна до 31 јануари 2019 година да направат анализа, да ги одредат стратешките цели во својот кластер и за тоа да го информираат Координативното тело (КТ).

5. Се задолжуваат работните групи по кластери, најдоцна до 1 март 2019 година да предложат акциски план за спроведување на Националаната стратегија за развој на концептот за „Едно општество и интеркултурализам“.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за назначување на членови на Координативното тело за подготовка на Националната стратегијата за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 39

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи (најнов текст-24.12.2018 година), во предложениот текст, со заклучок Министерството за здравство да обезбеди мислење од Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

## Точка 40

Владата:

1.Го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија 2018-2022 година, со текст на Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија 2018-2022 година.

2.Го разгледа и усвои новиот текст на Стратегијата за контрола на туберкулозата во Република Македонија 2018-2022 година.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на мамографи за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на мамографи, за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија, во вкупна вредност од 85.000.000,00 денари, во динамика и износи утврдени од страна на Министерството за финансии и тоа:

- 15.000.000,00 денари во 2019 година
- 35.000.000,00 денари во 2020 година и
- 35.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство износите потребни за реализација на јавната набавка на мамографи, за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредните години, а Министерството за финансии да ги има предвид.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата со имотот распределен по завршување на стечајни постапки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, до крајот на јануари 2019 година да достави преглед на имот добиен во стечајна постапка по основ на неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, со број на работници и износ на побарување, проценета вредност на имотот и вредност на побарувањето со правосилна одлука и предлог решенија за надминување на проблемот со утврдување на стажот на осигурување и продажба на имотот.

2. Се препорачува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, податоците наведени во Информацијата да ги достави до Министерството за труд и социјална политика до 10 јануари 2019 година.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на начинот на плаќање на трошоците на институциите кои го користат просторот во објектот на улица „Даме Груев“ бр.14 во Скопје, ја усвои и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Државниот девизен инспекторат, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена, да склучат времена спогодба за регулирањето на меѓусебните права и обврски во однос на плаќањето на заедничките трошоци за електрична енергија, парно греење, вода и за комунална хигиена која ќе важи до решавање на сопственичкиот и корисничкиот статус на објектот на улица „Даме Груев“ бр.14 - Скопје.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основно јавно обвинителство Битола, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го разгледа Барањето на Санда Ел- Катиб, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 46

Владата го симна од дневен ред Барањето на Ајхан Узун, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија.

**Точка 47**

Владата го разгледа Барањето на Селамије Красниќи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Вевчани, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го разгледа Дополнувањето/корекцијата кон доставен Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2017 година, Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2017 година и Финансиски план за деловната 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Корекцијата во Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2018 година е од техничка природа и не влијае на сумираните износи во Финансискиот план.

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да ја прифати корекцијата во Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2018 година.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Доставениот материјал содржи: Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година, Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2019 година и Одлука за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2019 година, бр.02-219/8 од 26.11.2018 година.

Согласно член 12 став (4) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16 и 64/18), Годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година се доставува до Собранието на Република Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година. Годишната програма за работа содржи: програма за работа за наредната година, финансиски план за наредната година и одлука за вредноста на поенот од членот 28 став (6) на овој закон.

Годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата согласно член 16 алинеја 8 од цитираниот закон ја усвојува Комисијата како орган на Агенцијата за пошти.

Врз основа на доставеното, Агенцијата за пошти во периодот на 2019 година, има предвидено програма која ќе биде во насока на понатамошна имплементација на Законот за поштенски услуги, како и на градење и развивање на регулаторни политики кои ќе бидат во насока на обезбедување на поволен деловен амбиент како основа за создавање на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот на поштенските услуги од која бенефит, пред се, ќе имаат корисниците на поштенските услуги.

Агенцијата во својата Годишна програма има дадено пресек на вкупниот број лиценцирани даватели на поштенски услуги, односно, согласно податоците наведени во програмата во изминатите 10 години Агенцијата има лиценцирано еден национален оператор - давател на универзална услуга и 62 субјекти за обезбедување на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар. Од нив, 26 во истиот временски период излегле од вршењето на оваа дејност, од кои две заради мерките на Агенцијата, додека во 2018 година, еден оператор е избришан од службената евиденција на Агенцијата за пошти поради престанок на правното лице.

Врз основа на наведеното, во 2018 година, забележителен е трендот на зајакнување на постојната конкуренција во делот на обезбедување на пратки со лична достава, препорачани, како и курирски услуги на територијата на град Скопје. Од тука, Агенцијата во текот на 2019 година планира континуирано постапување по поднесени нотификации за издавање на општо овластување, од нови правни субјекти заинтересирани за работа на пазарот во делот на пакетските и писмоносните услуги.

Согласно поднесената програма, Агенцијата за пошти ќе биде фокусирана и на следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга кој реално ќе ги прикаже структурата на трошоци, технолошкиот процес и цената на чинење на поштенските услуги и кој би добил согласност од Агенцијата, врз основа на позитивната оценка на надворешна и независна ревизорска куќа, која треба да изврши ревизија на усогласеноста на предложениот систем за посебно сметководство со барањата на Законот за поштенските услуги, Правилникот за начинот на водење на посебно сметководство на давателот на универзалната услуга и препораките на европската директива за поштенски услуги.

Со оглед дека процесот е веќе започнат, Агенцијата планира дека целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзалната услуга ќе се реализира до крајот на 2019 година.

Исто така, во 2019 година Агенцијата за пошти ќе врши и анализа и ќе изготвува статистички извештаи за добивање на целосна слика на пазарот на поштенските услуги, надзор и контрола врз работата на давателите на поштенски услуги, јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата, реализација на проект за мерење на квалитетот на пренос на единечни поштенски пратки кај давателот на универзална услуга, како и реализација на истражувања на задоволството на корисниците од обезбедување на поштенски услуги.

Програмата на Агенцијата за пошти за 2019 година, содржи и планирани активности во однос на вршење надзор врз правните субјекти, даватели на поштенски услуги кои

поседуваат општи овластувања издадени од страна на Агенцијата и истиот ќе го вршат овластени лица за надзор од Агенцијата за пошти, во согласност со законот и прописите. Предмет на надзор ќе бидат:

- начин на водење евиденција на пратките и услугите,

- исполнување на обврските за давање на податоци и информации.

Тргнувајќи од своите надлежности, Агенцијата за пошти во наредната година ќе изготви Статистички извештај за обезбедувањето на поштенските услуги во 2019 година, со податоци од претходната 2018 година. Извештајот ќе биде врз основа на податоците кои ги доставуваат давателите на поштенските услуги, а се однесуваат на остварениот обем на поштенските услуги, со цел добивање на целосно точна слика за развој на пазарот на поштенските услуги.

Исто така, во рамките на своите активности, согласно поднесената Годишна програма за работа, Агенцијата за пошти предвидува и заштита на правата на корисниците на поштенските услуги, истражувања за задоволството и потребите на истите од обезбедувањето на поштенските услуги, како и за самата универзална услуга, а предвидено е и јакнење на соработката на Агенцијата со останатите институции задолжени за европските интеграции и следење на степенот на исполнување на преземените обврски на овој план, јакнење на меѓународната соработка со повеќе меѓународни институционални тела од областа на поштенскиот сообраќај и секако обезбедување на транспарентно работење кон граѓаните преку јавни седници, интерактивен форум на интернет страната на Агенцијата за пошти.

Во рамките на Годишната програма за 2019 година, Агенцијата за пошти известува и дека за целиот период на своето работење во 2019 година, од особено значење ќе биде и Твининг проектот за јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти (понатаму Твининг проект), во согласност со Поштенската директива на Европската Унија кој ќе се реализира во текот на 2019 и 2020 година.

Партнер за спроведување на Твининг проектот е Министерството за јавни работи и транспорт - Оддел за поштенска регулација на Шпанија.

Твининг проектот содржи повеќе компоненти при што, согласно планот, односно програмата за работа, истите, меѓудругото, ќе помогнат и во поуспешно исполнување на планираните активности во делот на:

- Утврдувањето на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци на давателот на универзална услуга, како и модел за пресметка на нето трошоците на универзаланата услуга и модел за регулација на цените на универзалната услуга.

- Зајакнување на инспекциската улога на Агенцијата за пошти и обучување на овластените лица за вршење на надзор во Агенцијата.

- Унапредување на капацитетите за специфична анализа на пазарот, која, меѓудругото вклучува подготовка на извештај за усогласеноста на анализата на пазарот со подзаконските акти, како и анализа на процесот на хармонизација и имлементација на европското законодавство. Во рамките на оваа компонента, ќе биде разработена и

методологија за спроведување на мерење на квалитет на обезбедување на универзалната услуга, дефинирање на крајните критериуми за начинот на спроведување на ова мерење за наредната година.

- Подобрување на начинот на евиденција и прибирање на податоци од давателите на поштенски услуги и други области.

- Стручни обуки и работилници на вработените за поефикасно и поквалитетно извршување на работните задачи.

Во однос на Финансискиот план на Агенцијата за 2019 година, приходите и расходите на Агенцијата се планирани во вкупен износ од 29.500.000 денари и истите се планирани во истиот износ како и во 2018 година. Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2019 година, одредени расходи се планирани на исто или пониско ниво во однос на планираното во 2018 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2018 година и тоа: потрошени материјали, потрошена енергија, други услуги, интелектуални и други услуги, останати други расходи и даноци и придонеси кои не зависат од резултатот. Притоа е дадено образложение за причините на планираното зголемување на горенаведените расходи.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки во однос на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година, освен на потребата од редакциски измени на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година и тоа:

- цитираните ставови да се во заграда (на пример: член 12 став 4, став 4 да биде (4),

- при наведувањето на „Службен весник на Република Македонија“, да се наведе „Службен весник на Република Македонија“ бр. , наместо број и

- при наведувањето на годините на цитираниот закон да се користат последните две бројки од годината, односно, во текстот треба да е напишано на следниот начин: „Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16 и 64/18 година.

## Точка 52

Владата ја разгледа Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Во согласност со членот 109 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/16), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишна програма за работа и развој за наредната година. Исто така согласно став (2) од истиот член на Законот, Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за наредната година Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година потребно е правно-техничко подобрување.

Годишната програма за работа и развој за 2019 година е изработена, согласно член 109 став (3) од истиот закон.
Годишната програма за работа и развој на Агенцијата се состои од два дела и тоа: Програма за работа и развој за 2019 година и Финансиски план за 2019 година.

Со Финансискиот план на Агенцијата за 2019 година, приходите и расходите се планирани во вкупен износ од 20.787.000 денари и истите во однос на 2018 година се зголемени за околу 6,79%. Планираното зголемување на приходите се должи на повисокиот износ на планирана ненаплатена годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од минати години и годишната такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2019 година, која изнесува 1,5% од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура што ја наплатуваат управителите на инфраструктурата од превозниците.

Во доставената Годишна програма, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор информира за активностите кои се предвидени да ги реализира во текот на 2019 година, согласно надлежностите и овластувањата утврдени во Законот.
Во Годишниот финансиски план за 2019 година наведено е дека планирани се приходи во вкупен износ од 20.787.000,00 денари, од кои 13.539.100,00 денари произлегува од пресметани, а неплатени побарувања согласно член 108 од Законот за железничкиот систем, од Македонски железници Транспорт АД Скопје во износ од 12.884.661,00 денари, како и ненаплатени побарувања од ЈП Македонски Железници „Инфраструктура“-Скопје во износ од 654.439,00 денари.

Во финансискиот план се наведени споредбени показатели само за планираниот износ на приходи и расходи за 2018 година, со планираниот износ на истите во 2019 година, а не содржи показатели за остварениот износ на приходите и расходите за 2018 година.
Оттука, е потребно Годишниот финансиски план за 2019 година на Агенцијата да се дополни со горенаведените показатели, додека планираните расходи во 2019 година (кои се планирани на повисоко ниво во однос на 2018 година) потребно е да се димензионираат на реално и економично ниво со цел измирување на неопходните потреби на Агенцијата.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2019 година, одредени расходи се планирани на исто ниво во однос на планираното во 2018 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2018 година и тоа: дневници за службени патувања и патни трошоци, интелектуални и други услуги, средства за опрема, бруто плата и надоместоци на плата. Притоа е дадено образложение за планираните расходи, но не и за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Владата на Република Македонија укажува да се имаат предвид овие укажувања.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со јаболкопроизводството во Република Македонија за 2018 година, поднесена од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со текстот на Информацијата за состојбата со јаболкопроизводството во Република Македонија за 2018 година, се укажува дека најголемиот дел од наведените информации се невистинити или се со дневно-политички карактер.

Имено, спротивно на тврдењата во Информацијата, трендот на овоштарско производство во целина оди во нагорна линија, особено ако се земе предвид дека зголемувањето на бројот на стебла се движи од 4% (кај вкупниот број на стебла) до 8% (кај родните стебла). Кај овошните насади под јаболка, зголемувањето и на површините и на бројот на корисници на мерката за одржување на овошни насади се зголемени за 2% во периодот 2016-2018 година.

Исто така, најголемиот дел од новите подигнати јаболкови овошни насади се со применета модерна технологија. Покрај тоа, подигнувањето на овие насади се кофинансира до 50% од Националната програма за рурален развој, како и од ИПАРД Програмата 2014-2020, каде кофинансирањето е 60%, а во одредени случаи може да достигне и до 65% (за инвестиции во земјоделски стопанства предложени од страна на млади земјоделци) и 70% (за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области). Во рамките на ИПАРД Програмата 2014-2020, покрај финансирањето на подигнување на овошни насади, овозможено е и финансирање на опрема за пост-бербени активности и преработка на овошјето (опрема за прием, собирање и чување, опрема за подготовка за сортирање, чистење, миење, сушење, дезинфекција, обложување со восок, сортирање, калибрирање, отстранување на оштетени плодови, детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали, опрема за предладење, ладење и замрзнување, вклучително и мини ладилници и опрема за филтрација, деаерација, ферментација, стабилизација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација).

Покрај тоа во Информацијата е наведено дека еден од основните проблеми кај производството на јаболка се уситнетоста на површините и недостатокот на здружување и заеднички настап на производителите, потенцирајки дека Владата на Република Македонија и ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство не се ангажирани воопшто на планот на решавање на овие две прашања.

Во тој контекст, се укажува дека во Програмата за економски реформи за 2019-2021 на Министерството за финансии и Владата на Република Македонија, во делот „4.3.2.1 Развој на земјоделскиот сектор“ од трите предвидени мерки две се однесуваат на решавање на горенаведените прашања, и тоа „Мерка 6: Консолидација и дефрагментација на земјоделско земјиште“ и „Мерка 7: Земјоделски задруги“. Со овие две мерки предвидено е подобрувањето на структурата на земјоделските стопанства со консолидација на нивните земјишни парцели со што истите ќе бидат во подобра форма со цел да се олесни усвојувањето на нови земјоделски технологии кои ќе доведат до ефикасен земјоделски сектор, а преку поттикнување на економско здружување во земјоделски задруги, со заеднички настап во производството, продажбата и пласманот на своите производи, ќе се постигне зајакнување на нивната пазарна улога, зголемување на конкурентноста и ефикасноста во работењето, зголемување на индивидуалниот приход на земјоделецот,

поквалитетно производство, сигурен пласман и поголем профит. Од друга страна, модернизацијата на дистрибуција на храна, исто така, може да понуди добра можност да се организираат производителите, бидејќи модерните купувачи бараат постојан квалитет и квантитет на набавките, при што организациите на земјоделци можат полесно да им обезбедат отколку индивидуалните земјоделци.

Покрај ова, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство тековно се спроведуваат и два проекти финансирани од Европската унија од ИПА програмата за 2015 и тоа проектот Поддршка за развојот на земјоделските задруги каде преку грантови финансиски ќе се поддржат 8 постоечки и 12 нови земјоделски задруги со набавка на опрема за постбербени аквиности, како и проектот за Поддршка на консолидација на земјоделско земјиште (МАИНЛАНД), каде се очекува да се консолидира земјоделско земјиште во неколку региони на Република Македонија, вклучително и Преспанскиот регион.

Од аспект на просечно остварените цени за јаболкото, согласно податоците кои се водат во рамките на Земјоделскиот пазарен информативен систем, просечната цена за позначајните сорти јаболка (Ајдаред, Златен и Црвен делишес, Јонаголд и Муцо) во последните четири години варира, но е со нагорен тренд, како на зелените пазари, така и на пазарите на големо.

| Просечни цени (МКД/кг) | 2015 | 2016 | 2017 | 2018* |
|---|---|---|---|---|
| Ајдаред | | | | |
| Зелени пазари | 28,3 | 24,8 | 32,4 | 39,0 |
| Пазари на големо | 20,0 | 17,3 | 27,0 | 31,1 |
| Златен Делишес | | | | |
| Зелени пазари | 35,2 | 29,4 | 37,6 | 48,8 |
| Пазари на големо | 24,1 | 19,4 | 32,8 | 33,7 |
| Јонаголд | | | | |
| Зелени пазари | 31,0 | 25,1 | 28,1 | 32,3 |
| Пазари на големо | 18,4 | 19,2 | 26,1 | 31,2 |
| Муцо | | | | |
| Зелени пазари | 36,8 | 29,3 | 35,5 | 44,4 |
| Пазари на големо | 23,6 | 19,8 | 31,0 | 28,4 |
| Црвен Делишес | | | | |
| Зелени пазари | 37,1 | 35,5 | 39,0 | 52,8 |
| Пазари на големо | 21,1 | 20,1 | 32,6 | 36,8 |

* во пресметката за 2018 земени се просечно остварените цени во период јануари-ноември 2018

Проблемот оваа година се јави кај индустриското јаболко и истиот не е резултат на неодговорното работење на Владата и министерството, туку резултат на природни (зголемен род и штети од град) и пазарни услови (екстремно добар род и во останатите земји конкуренти за пласман на јаболко - Полска) кои не може да се превидат претходно, но на чие ублажување Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство работат непосредно со самите производители.

Како резултат на ваквата соработка со производителите на јаболка, во рамките за Програмата за директни плаќања во земјоделството беше воведена и мерка за

дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9. за предадено јаболко на регистриран откупувач, со која за количините јаболка со намалена економската вредност на родот (како резултат на градот) кој може да се употреби исклучиво за индустриска преработка, предвидена е субвенција од 3 денари по килограм.

Конечно, имајќи ја во вид состојбата со отежнатиот пласман на јаболкото оваа година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство презеде иницијатива и упати допис број 02-12185/1 од 27.11.2018 година преку Министерството за надворешни работи до амбасадите на повеќе земји со барање и тие да се вклучат активно во надминување/ублажување на овој проблем.

## Точка 54

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 59 став (2), став (3) и став (4), а во врска со член 60 став (3) и став (4) од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), поднесено од пратениците Димитар Стевананџија и Ане Лашкоска и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 59 од Законот за средното образование:
(2) Наставници во средното образование можат да бидат лица кои завршиле соодветни студии за образование на факултет, висока школа или академија и имаат положено стручен испит.
(3) Наставниците во средното образование можат да бидат лица кои завршиле соодветни додипломски студии на факултет и стекнал звање „Bacherol“ и имаат положено стручен испит.
(4) Наставници во средното образование можат да бидат и лица кои завршиле додипломски студии на факултет, стекнал звање „Bacherol“ и педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит.
(5) Лице кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во средно училиште, само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи.

Согласно член 60 од Законот за средното образование:

(1) Изборот на наставници, стручни соработници и воспитувачи по пат на јавен оглас, го врши директорот на јавното училиште по предлог на конкурсна комисија, а за приватните средни училишта органот што го овластил основачот.
(2) Јавниот оглас од став 1 на овој член се објавува најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.
(3) На јавниот оглас од ставот 1 на овој член може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година.
(4) Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време.

Имајќи предвид дека одредбите од член 59 став (2), став (3) и став (4) и член 60 став (3) и став (4) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), се прецизни и јасни, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 59 став (2), став (3) и став (4), а во врска со член 60 став (3) и став (4) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), поднесено од пратениците Димитар Стевананџија и Ане Лашкоска.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид ( I фаза) и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија достави Мислење, со бр. 44.1-8321/1 од 18.9.2018 година со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Забелешката по однос на членовите 26 и 27 од претходниот текст на Статутот, не е инкорпорирана во новиот текст на Статутот.

Забелешката по однос на член 30 од претходниот текст на Статутот, односно по однос на член 34 од новиот текст на Статутот, не е инкорпорирана во новиот текст на Статутот.

Членовите 49 и 50 од новодоставениот текст на Статутот треба да се усогласат, согласно забелешките дадени по член 45 и 46 од претходниот текст на Статутот.

Членот 281 од новодоставениот текст на Статутот треба во целост да се усогласи со член 140 од Законот за високото образование.

Освен горенаведеното, Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки по овој Статут.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Иницијатива од Ана Глигорова и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.119/18 за оценување на уставноста на член 10 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.83/09) и член 265 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16 и 142/16) и притоа го утврди следното мислење

Подносителите на уставната Иницијатива, Ана Глигорова, Марјан Ненов и Марјан Ристески од Скопје сметаат дека одредбата на член 10 од Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување од 3 јули 2009 година, со кој се уредувал трансферот на старите

извршни предмети од судовите кај извршителите, во периодот 1.7.2011 година, заклучно со 31.12.2011 година, бил неуставен, односно во спротивност со член 8 алинеја 3 и 7, како и со член 35 од Уставот на Република Македонија.

Подносителите сметаат дека заради неуставноста на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување од 3.7.2009 година, постои неуставност и на член 265 од Законот за извршување, во делот кој се однесува на старите предмети пренеси од судовите кај извршителите.

Имајќи ги предвид вака искажаните ставови на подносителите на Иницијативата, а од друга страна фактот дека член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/09) станал составен дел од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13), кој престанал да важи на 1.1.2017 година, кога започна со примена Законот за извршување од 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16), се укажува на потребата Уставниот суд да ја отфрли Иницијативата, согласно член 28 алинеја 3, а во врска со член 79 од Деловникот на Уставниот суд.

Имено, член 79 од Деловникот на Уставниот суд определува дека Уставниот суд со одлука може да укине или поништи закон, пропис или друг акт, а одлуката произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.
Оваа иницијативата бара поништување или укинување на акт кој не е на правна сила веќе цели две години, што не е во согласност со Деловникот на Уставниот суд. Доколку предлагачите врската ја бараат преку член 265 од Законот за извршување, оспорената одредба се наоѓа во делот на преодни и завршни одредби, и имала за цел да го регулира постапувањето на извршителите по започнатите постапки, односно оние постапки каде веќе имаат преземено одредени извршни дејствија, каде се започнати постапки за именувања на извршители или дисциплински постапки против нив, а во духот на владеењето на правото и начелото на законитост. Со оглед на содржината на изнесената одредба, а од друга страна фактот дека оспорената одредба на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/09) се однесувала само на трансферот на старите судски извршни предмети во периодот од 1.7.2011 година до 31.12.2011 година, значи правно дејствие кое завршило пред цели седум години.

Со оглед на сето напред изнесено Владата на Република Македонија смета дека се исполнети условите од член 28 од Деловникот на Уставниот суд за отфрлање на Иницијативата од процесни причини.

**<u>Точка 57</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Зорица Пулејкова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр. 4721 за КО Центар 1, Имотен лист бр. 25739 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 40068 за КО Центар 1 на КП бр. 12948 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Државното правобранителство на Република Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Мартин Божиновски од Куманово за купопродажба на недвижен имот во Куманово со Имотен лист бр. 71776 за КО Куманово на КП бр. 25636 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Мери Весова од Скопје за право на првенство на купување на недвижен имот на КП 3392, ул.Л.Геров, со вкупна површина од 524 м2 Имотен лист бр.3700 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Даниел Живачки од Куманово за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 79820 за КО Куманово на КП бр. 15968 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12294 за КО Сарај на КП 10478 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски, како и мислењата на Министерството за финансии и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 62**

Владата го разгледа Известувањето со достава на документи за И.бр.47/17, доставено од извршителката Снежана Андреевска и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 63**

Владата го разгледа Известувањето за усна јавна продажба и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност под И бр.279/18, доставени од извршителката Даница Страчкова и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 64**

Владата по Повикот за свикување Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, што ќе се одржи на 15.1.2019 година, со почеток во 10:00 часот, заклучи:

1.Се овластува Тања Чачарова - Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на

Македонски Телеком АД - Скопје, што ќе се одржи на 15.1.2019 година, со почеток во 10:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да го извести „Македонски Телеком“ АД - Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Македонија на Собранието на акционери на „Македонски Телеком“ АД - Скопје, што ќе се одржи на 15.1.2019 година, со почеток во 10:00 часот.

3.Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија да гласа „ЗА“ по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, што ќе се одржи на 15.1.2019 година, со почеток во 10:00 часот.

4.Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, што ќе се одржи на 15.1.2019 година, со почеток во 10:00 часот:

- Да гласа „ЗА“ по точка 1: Предлог-одлука за избор на член на Одборот на директори на Друштвото.

**<u>Точка 65</u>**

1. Владата го избра Муса Ибраими, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за катастар на недвижности, за заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности со мандат од пет години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата од должноста претседател и член на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија, ги разреши:

а) од претседател:
- м-р Роберт Алаѓозовски

б) од член:
- проф. д-р Рената Дескоска

2.1. Владата за претседател и член на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија, ги именува:

а) за претседател:
- Асаф Адеми, министер за култура

б) за член:
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

3. Владата ја разреши Снежана Петрушева од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, на нејзино барање.

4. Владата го именува Аљајдин Хавзиу, досегашен директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата донесе Решение за не давање согласност на Одлуката за избор на директор на Институтот за акредитација на Република Македонија.

**Точка 66**

1. Владата по Информацијата со барање за одобрување на средства, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, корегирана согласно забелешките на Секретаријатот за законодавство.

2. Владата заклучи 2.1.2019 година (среда) да го определи за неработен ден за вработените во државните институции.

Истовремено, Владата заклучи дополнително да се одреди кога овој ден ќе биде одработен.

Исто така, Владата препорачува единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, да го спроведат овој заклучок.

Воедно, Владата препорачува и на приватниот сектор, да го имаат предвид овој заклучок, доколку нивната организација на работењето и работните активности го дозволуваат истото.

Согласно ова, Министерството за труд и социјална политика и Службата за односи со јавност на Владата на Република Македонија на соодветен начин да ја информираат јавноста за овој заклучок.

3. Владата ја задолжи Управата за јавни приходи да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација во врска со можноста за трансформирање на административни службеници во даночни службеници во Управата за јавни приходи, поради недостаток од истите.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 16.12.2018 година до 23.12.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

5. По повод укажувањето на м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана, а во врска со обезбедувањето на склад на нафтени деривати во сопственост на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во село Здуње, Гостивар Владата го задолжи Уљуси Бекири, директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да преземе мерки околу интервенции во инсталацијата која што е неисправна.

6. Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заклучи Државниот архив на Република Македонија да достави до Владата известување во однос на потпишувањето на договорот со Музејот во Врање.

7. Владата ја задолжи Дирекцијата за заштита и спасување да подготви и во рок од пет дена до Владата да достави соодветна предлог-одлука за продажба на движни ствари кои и се отстапени на користење со Одлука на Владата бр. 44-8302/1 од 11 септември 2018 година и Одлука на Владата бр. 44-10194/1 од 27 ноември 2018 година, согласно член 47 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

8. Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Уставен суд на Република Македонија (Монохроматски (црно-бел) мултифункциски уред - ласерски принтер, копир, скенер Canon IR ADV 6565i), во предложениот текст.

9. Владата ја разгледа Информацијата за Доверителен фонд за поддршка на безбедносните сили на Авганистан со средства од буџетот на Министерството за одбрана за 2018 година, ја усвои и го задолжи Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за надворешни работи до 31 декември 2018 година да ја утврди и да ја уплати потребната сума на финансиски средства на сметка на „ANA“ Доверителен Фонд за поддршка на безбедносните сили на Авганистан од средствата од буџетот на Министерството за одбрана за 2018 година.

10. Во врска со потребата за подготовка на Националните извештаи за прогресот во имплементација на Пекиншката декларација од страна на земјите членки на Обединетите нации и потписнички на Пекиншката декларација и Платформа за акција, + 25, на 29 и 30 октомври 2019 година, кои ќе бидат дел од Регионалниот извештај што ќе биде презентиран во Женева на посебен настан посветен на Пекинг Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи да го извести Извршниот секретар на UNECE дека за „focal point“ од Владата на Република Македонија се именува Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, а за техничко лице за комуникација Санела Шкријељ, шеф на кабинетот на министерката за труд и социјална политика.

11. Владата заклучи:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се препорачува на сите единици на локалната самоуправа, да ги информираат сите вработени да ја завршат електронската обука за родова еднаквост и најдоцна до 15.1.2019 година да го информираат Министерствтото за труд и социјална политика за бројот на административни службеници кои ја комплетирале електронската обука за родова еднаквост.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 20.1.2019 година да подготви и до Министерството за труд и социјална политика да достави информација со детална листа со податоци разделени по корисници за степенот за следење на обуката за родова еднаквост, како и со податоци за институции и единици на локалната самоуправа кои не се регистрирале сеуште во електронскиот систем за управување со учење, а Министерството за труд и социјална политика за состојбата и

преземените мерки да ја информира Владата на Република Македонија најдоцна до 31.1.2019 година.

12. На барање на Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, во согласност со начелото на Владата за транспарентно и отчетно трошење на државните средства, а во врска со заклучокот од Сто и десеттата седница на Владата, одржана на 18.12.2018 година за објавување на службените трошења на именуваните директори и заменици на директори на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на Министерствата, на официјалните веб - страници, Владата заклучи:

- се задолжуваат директорите и замениците на директорите на самостојните органи на државната управа, на органите во состав на Министерствата и на Инспекцискиот совет (Прилог 1) и им се укажува на директорите и замениците на директорите на јавните претпријатија, на правните лица со јавни овластувања и на акционерските друштва во државна сопственост (Прилог 2), заради прегледност при пребарување, дигиталниот банер за отчетност за трошењата на носителите на јавни функции да биде поставен на главната [HOME] страна од сајтот.

13. Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во рок од три дена да обезбеди едно репрезентативно возило со возач, без надоместок, за потребите на претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, согласно член 25 став 1 од Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/98, 22/00, 75/02, 9/03, 24/04, 12/07, 5/08, 67/10, 21/11, 95/13 и 167/18).

## Точка 67

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за добивање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, како материјал за информирање.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 69

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, за периодот од 1.7.2018 до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост - Скопје, за периодот април - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

Исто така, да се имаат предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата заклучи раководните органи на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје во планот за работа за 2019 година да предвидат прецизна стратегија за подобрување на состојбите во Друштвото и намалување на загубите во работењето.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините Кичево, Битола, Македонска Каменица, Кривогаштани, Градско, Берово и Пробиштип, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2017 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за јавни набавки да ги преземе сите активности за имплементирање на законските решенија од новиот Закон за јавни набавки, најдоцна до 1.4.2019 година, се со цел непречено функционирање на новиот систем за јавни набавки.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Биро за јавни набавки да изврши подобрувања во функционирањето на системот за јавни набавки (во делот на сумирање на податоците, форматот на информациите/податоците кои се даваат, објавувањето на цените со или без ДДВ, објавувањето на најниска или највисока цена, подобрување на форматот на информации и сл.).

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Инспекцискиот совет за трет квартал од 2018 година, со Информација за работата на инспекциските служби во третиот квартал од 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Извештајот за реализирана меѓународна вежба во Република Србија - Општина Младеновац, одржана во периодот од 7.10.2018 година до 12.10.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за постигнатите резултати од имплементацијата на Проектот „Ромски здравствени медијатори“ во 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за труд и социјална политика, во насока да се зголеми бројот на медијатори и да се изнајде системско решение за решавање на нивниот статус.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот за обезбедување на финансиски средства потребни за прилагодување на позадински бизнис системи на Министерството за внатрешни работи, со цел усогласување на истите за автоматско конзумирање на експонираните сервиси на Втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи во иднина при разгледување на материјали во владина постапка кои се однесуваат на усогласување и автоматско конзумирање на експонираните сервиси на Втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност предлагачот задолжително да бара мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе Решението за дополнување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за внатрешни работи, заради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

Истовремено, Владата заклучи Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, да достави мислење по текстот на Предлог-одлуката.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Оперативно-техничка агенција, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го разгледа Барањето на Михајло Младеновиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 83**

Владата го разгледа Барањето на Даут Џељо, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Одлуката за утврдување на бодови за пресметка на висина на платата на вработените во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија кои немаат статус на административни службеници, со Табеларен приказ за потребни финансиски средства и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за финансии, на вработените кои немаат статус на административни службеници во Службата, да им исплаќа личен доход (плата) во согласност со предложената информација и Одлука за утврдување на бодови за пресметка на платата на вработените во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија кои немаат статус на административни службеници, почнувајќи со пресметката за плата за декември 2018 година.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:00 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |